Архивски број: 08-131/6
14-03-2022 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 - 131 од 23.02.2022 година, поднесена од [redacted] за извршена дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 14.03.2022 години, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**За отфрлање поради неуредност**

О б р а з л о ж е н и е

На 23.02.2022 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на подносителот [redacted].

Од причина што тврдењата изнесени во претставката беа нејасни, на 03.03.2022 година Комисијата согласно член 24 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминацаија, до подносителот достави барање за доуредување на претставката. Со барањето подносителот беше задолжен да ја доуреди претставката во насока што ќе го посочи потенцијалниот дискриминатор против кого ја поднесува претставката, основот врз кој смета дека бил дискриминиран и фактите и околностите кои го потврдуваат тврдењето дека бил дискриминиран.

На 09.03.2022 година во архивата на Комисијата пристигна доуредување на претставката од страна на подносителот [redacted]. Во поднесокот не се наведени актот на дискриминација, основот, областа, ниту е посочен потенцијалниот дискриминатор, а од расположливите податоци Комисијата не е во можност истите самостојно да ги утврди.

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради неуредност.